Мариа ДОНЕВСКА
Сузана САВЕСКА

**УДК: 316.344.233(497.7)**

# СИРОМАШТВО КАКО ОБЕЛЕЖИЈЕ НА ТРАЈНА МАРГИНАЛИЗАЦИЈА (СПОРЕД ПИЛОТ ИСТРАЖУВАЊА ВО УРБАНА СРЕДИНА-СКОПЈЕ)

## Теоретска рамка

Дали во македонското општество, соочено со голема бројка на невработеност, со широк обем на сиромаштво, пораст на болести на зависности и други социопатолошки појави, може да се зборува за трајна маргинализација на одредени слоеви на општеството и ако е така како хипотетички можеме да ја дефинираме таа појава?

Во соцолошката и социоаголошката литература маргинализацијата се поврзува со **поимите „субкласа“** (underclass), **„социјална нееднаквост“** и **„социјална исклученост“**.

Најчесто истражувачите од западните земји феноменот на трајна маргинализација го конфронтираат со невработеноста зборувајќи за нов вид класа наречена „**субкласа“ (underclass)**. Со терминот „субкласа“ се оди дури дотаму да се илустрира постоењето на резидуална класа на таканаречени „жртвени јарињa“ во едно општество како што се: (не)заслужните сиромашни, криминалците, мрзливите и сл.

Постои голема група на дефиниции на поимот underclass. Дефиницијата на Auletta потенцира дека субкласата опфаќа група на луѓе кои се економски маргинализирани, културно опонирачки, и непослушни кон законодавството и најчесто самите тие не пројавуваат желба да бидат асимилирани во „нормалните“ текови на општествениот живот а не дека за тоа не им е пружена шанса (Barry, 1998, стр. 3). Сличен став зазема цела група на теретичари под водство на Charles Murray, кои сметаат дека членовите на субкласата се неморални, зависни од социјална помош, промискуитетни и насилни. Наспроти оваа група на

научници постои и друга група која смета дека сепак членовите на субкласата се изолирани од главните текови на општествениот живот преку структуралните аномалии кои се јавуваат како резултат на процесот на глобализацијата и на слободната пазарна економија (Ибид.)

На пример Gallie смета дека:

- постои група на луѓе која во подолга временска перспектива ги сноси последиците од економските промени;
- тоа е доволно голема група за да може да се каже дека наликува на општествена класа;
- таа класа се ситуира пониско од работничката за која се знае дека е на долната линија на социјална хиерархија (1992).

Поаѓајки од намалување на бенифициите, платите и работната сигурност-сиромашните стануваат „субкласи“. Под субкласа не се разбира само фактот дека некој (сиромашните) немаат пари туку субкласа се сфаќа како одвоена класа, како на квалитетно различни поединци или групи кои се надвор од рамките на нормалните правила и вредности во дадено општество.

Она што треба да се истакне во однос на концептот на субкласи е дека емпириски не е потврден, теоретски е нелогичен и дескриптивно е непрецизен. Спојува различни групи на луѓе и ситуации (млади и немажени мајки, стари пензионери, долго невработени лица, дилери на дрога и сл.) како сите тие да делат заедничка положба. Но мора да се признае дека не сите самохрани родители или пак криминалци влегуваат во субкласи. Што со оние богати самохрани родители, или пак со оние богати криминалци, или уште повеќе што со илјадниците бивши високи државни службеници кои се зависни од високите државни пензии? Дали и тие припаѓаат на субкласите? (Новак, 1999, стр. 155).

Како што беше спомнато со маргинализација се поврзува и терминот **социјална нееднаквост (social inequality)**. Во литературата под овој поим се подразбира „нееднакви материјални и општествени услови во кои се наоѓаат поединци во процесот на репродукција“. Тоа се манифестира преку различни облици на нееднаквост вклучувајќи

нееднаквост во областа на платите, во стартните позиции на животот, во степенот на користење на образованието, домувањето, здраството и др. а сето тоа непосредно влијае на, и ја детерминира, социјалната загрозеност како појава (Лакичевиќ, 1987).

Во последниве десетина години феноменот на **социјалната исклученост** привлекува големо внимание во рамките на дебатите за социјалните политики на ОЕЦД земјите а од скоро овој концепт стана еден од водечките и во дискусиите на земјите во транзиција. Најчесто овој термин се употребува во рамките на анализа на сиромаштијата, посебно при планирањето на политики за сузбивање на сиромаштијата. Според некои автори дури терминот социјална исклученост е само модерен начин да се зборува за сиромаштијата, а пак во други земји кога се зборува за социјална исклученост се мисли на маргинализирани групи или на поткласи. Како и да е, како што истакнува Ненадич, концептот на сиромаштија се разликува од концептот на социјална исклученост. Во социјалната исклученост освен сиромаштвото сфатено како намалување на егзистенција, влегува и недостаток на интеграција во поширокото општество, неможнст за пристап кон образованието, вработувањето, станбените услови, медицинската заштита, пристапот кон различни услуги (1999).

Оформувањето на либералната концепција на сиромаштија се забележува во 19 век во Британија. Според тие визии општеството се посматра како маса од автоматизирани поединци вклучени во економски натпревар во рамките на пазарот за генерирање на приход. Социјалната политика, според тој концепт, е насочена само кон активности со што би се обезбедиле минимум ресурси за опстанок на оние кои се нашле во најниското ниво од дистрибуцијата на приходите во општеството (Walker, 1997, стр. 103).

Наспроти сиромаштијата, концептот на социјална исклученост како аналитички концепт е понова концепција и има француско потекло. Оформен е во 1974 година во Франција и според Lenoir (1974) или Duffy (1997), првично се однесувал на оние кои не биле опфатени во системот

на социјално осигурување, на оние кои административно биле исключени од државата. Подоцна, според Paugam (1993), терминот ги опфатил и невработените, посебно долгорочно невработените и работниците без квалификација (Burchardt, Le Grand, Piachaud, 1999, стр. 227).
Kolin смета дека сиромаштво е потесен поим од социјална исклученост. Сиромаштво означува недостаток на приходи и на материјални извори, додека социјална исклученост се однесува на несоодветна социјална партиципација, недостаток на интеграција, и недостаток на моќ (Ненадич, стр. 380).

Klasen истакнува дека дефиницијата на Duffy од 1995 е доста корисна потенцирајќи дека социјалната исклученост „се однесува на неможноста ефективно да се партиципира во економскиот, социјалниот и културниот живот, и е на некој начин оттуѓување и дистанцирање од нормалните текови на општеството“. За разлика од сиромаштвото и невработеноста кои се фокусираат на поединците или домаќинствата, социјалната исклученост примарно ги опфаќа односите помеѓу поединецот и општеството како и динамиката на тие односи (http://www1.oecd.org/cer/obj5/docs.htm).

Според Berghman, социјалната исклучентост има две битни карактеристики: компрехензивност и динамичност.
Компрехензивниот карактер е изразен преку дефиницијата на Commins кој смета дека социјалната исклученост е неуспешност во еден од следниве системи:

- Демократскиот и легалниот систем кој ги промовира цивилните интеграции;
- Пазарот на трудот кој промовира економски интеграции;
- Државниот систем на благосостојба (системот на социјална заштита) кој промовира социјална интеграција;
- Системот на семејството и заедницата кој промовира интерперсонална интерација.

Според Commins „чувството на некој дека припаѓа на општеството зависи од четирите системи. Цивилната интеграција значи да се биде

еднаков граѓанин во рамките на демократскиот систем. Економската интеграција значи да се има работа, вреднувана економска функција, да се биде во состојба да се плаќаат трошоците во текот на животот. Социјалната интеграција значи да се овозможи користење на социјалните услуги. Интерперсоналната интеграција значи да се има семејство, пријатели, соседи и социјална мрежа кои обезбедуваат грижа, и морална подршка кога тоа е потребно. На некој начин сите четири системи се комплементарни: ако еден или два системи се слаби, тогаш другите треба да бидат посилни. А во најлоша ситуација се оние поединци или групи кај кои сите четири системи се слаби/неуспешни“ (Berghman, 1997, стр. 19).

Можноста на поединец активно да учествува во споменатите системи зависи од бројни фактори кои оперираат на различно ниво и кои имаат меѓусебна интеракција. Тука се вклучени:

- Сопствените карактеристики на секој поединец (карктерот и темпераментот на личноста, здравствената ситуација, образование, квалификации);
- Одредени настани во текот на животот на поединцеот (дезинтеграција на семејството, смртен случај, развод, или пак губење на работа и сл.);
- Карактеристики на областа каде поединецот живее (физичките услови, концентрација на невработеност, транспортни врски);
- Социјални, цивилни и политички институции во општеството (расна или етничка дискриминација, држава на благосостојба, социјална заштита, социјална или правна помош) (Burchardt, Le Grand, Piachaud, 1999, стр. 232).

Од горенаведеното произлегува дека социјалната исклученост е мултидимензионална и откука можеме да зборуваме за економска исклученост, медицинска исклученост, етничка/расна исклученост, географска исклученост, исклученост по пол и возраст, исклученост од образовниот систем, исклученост од комуникациски систем, културна исклученост и сл.

Динамичниот карактер се огледа во тоа што социјалната исклученост се разгледува како процес преку кој поединците и групите се изолираат од главните општествени механизми, стануваат маргинализирани од организациите и заедниците кои го сочинуваат општеството и при тоа не се во можност да ги уживаат правата ниту да ги остваруваат обврските кои постојат во одреденото општество (Oppenheim, 1998, стр. 13).

Во социлошката литература во контекст на социјалната исклученост се спомнува и поимот социјална затвореност и се смета дека тие два поима се тесно меѓусебно поврзани, т.е. социјалното исклучување концепциски произлегува од социјалната затвореност. Под социјална затвореност се подразбира процес во којшто групите се обидуваат да ја зачуваат/задржат за себе ексклузивната контрола над ресурсите, од било кој вид, преку лимитирање на пристапот до нив. Социјалната затвореност се базира на моќта на една група да им го оневозможи или отежни пристапот кон ресурсите (стоки, услуги или позитивните животни прилики) на другите групи. Социјалната затвореност функционира преку двојниот механизам на исклучување (exclusion) и вклучување (inclusion) и може да биде заснована како на индивидуални така и на колективни критериуми.

Abrahamson смета дека социјално исклучени се најниските слоеви во поткласата на сиромашни. Тоа се екстремни случаи на процесот на маргинализација која се карактеризира со ослабување на семејните и социјалните односи. Социјално исклучени се тие кои не можат да прифатат учество во општествени процеси (Ненадич,1999, с.379).

Според Силвер како социјално исклучени можеме да ги посочиме следниве групи: *долготрајно невработени, вработени неквалификувани работници, стари работници, или работници незаштитени со работната регулатива, лица без државјанство, неписмени, со недооформено образование, лица со пречки во менталниот и физичкиот развој, неспособни за работа, корисници на дрога, деликвенти, бивши затвореници, криминалци, непотполни семејства, деца од проблематични семејства, млади без работно искуство и без кавалификации,*

*деца кои работаат, бегалици, незаштитени етнички малцинства, лица без обезбедена социјална помош, жители на населби со ниско хигиенско ниво, стигматизирани (поради лоши навики), девјантни лица, социјално изолирани лица без пријатели и семејство* (Ибид.).

Од горе-изнесеното може да се констатира дека сиромаштвото како поим влегува во обемот на социјалната исклученост и нееднаквоста и се почесто, иако непрецизно, сиромашните се окарактеризирани како одделни и воочливи субкласи (Новак, 1999).

**Маргинализација и социјална работа**

Социјалната работа ги имаше своите зачетоци токму во работата со маргинализирани групи на луѓе. Според Parton „Социјалната работа исполнува една суштинска улога на медијатор меѓу оние кои се актуелно или потенцијално исклучени и главните процеси на општествениот живот". Социјалната работа е медијатор помеѓу привилегираните и непривилигираните, помеѓу самоодлучните и зависните, помеѓу интеграцијата и маргинализацијата (Barry, 1998, стр. 7). Со цел што поадекватно да одговори на современите потреби на популацијата, се забележува промена во балансот на социјалната работа од реактивни до се повеќе проактивни пристапи. Наместо реактивниот пристап со патерналистичката врска помеѓу социјалниот работник и клиентот (индивидуалната социјална работа-casework) акцентот се повеќе се става на менаџмент на ризик каде клиентот се гледа како консумент на сервиси кој е активен субјект и е одговорен за своето однесување и своите потреби. Со проактивниот пристап социјалната работа преку промовирање на граѓанството, еднаквите шанси, солидарноста и преку олеснувачки, интегративни и редистрибутивни фунцкии се насочува кон развој на човечкиот потенцијал. Социјалната работа, преку својата задача да одговори на човечките потреби, да ги развива човечките потенцијали и ресурси, неизбежно мора да се соочи со проблемите кои произлегуваат од социјалната исклученост и од маргинализација. При

тоа социјалната работа треба да осигура дека услугите кои се обезбедени, или условите под кои тие услуги се обезбедени, нема да придонесат за понатамошна маргинализација на веќе обесправените маргинализирани групи (Ibid., стр. 8).

Во овој контекст се поставува прашањето кои се проблеми произлегуваат или се поврзани со маргиналноста? Кои фактори ја сместуваат единката на маргините во социјалната стратификација? Каде социјалната работа може да интервенира?

Според литературата, маргинализација во општествениот живот секогаш е поврзана со сиромаштвото и скоро секогаш претставува синдром на социопатолошките појави.

Арнаудовски сите причини за социопатолошките појави ги дели на непосредни и посредни. Во непосредните причини за настанување на социо-патолошките појави ги издвојува токму неповолоните социо-економски услови на живот (сиромаштија, безработица, лош социјален статус и големите разлики во него, неповолни услови за вработување, образовните и стручните квалификации, и др. (Арнаудовски, 1983, с.187).

Во истата листа на непосредни причини влегуваат општествено-културните и полукултурните судири, општествената аномија, индустриализацијата, урбанизацијата и другите општествени промени и процеси, акултурацијата, социјалната изолација, недоволното делување на средства за воспитание и пропаганда и социјалното имитирање.
Врз основа на тоа може да се констатира дека неповолните социо-економски услови на живот се најбитна непосредна причина за настанување на негативни појави.

Истовремено во секој конкретен случај (се мисли на поединец или семејство) постои одреден синдром на настани кои го маргинализираат и не се знае која причина која доведува до ваква состојба е примарна а која секундарна или последователна. Најчесто симптомите кои го отсликуваат социјалниот случај делуваат како „заразна болест“ и енормно се шираат предизвикувајќи други социјални појави. Поради тоа, на пример, во сиромашните семејства се сретнуваме со нарушени

семејни односи, воспитна запуштеност на децата, алкохолизам на еден од родителите, нарушено здравје и слично.

Животниот стандард е елемент на општествениот статус заедно со образованието, стручната подготвеност, консумпција на културните добра и слично, додека социјалниот статус е всушност просек на мноштво позиции кои единката ги зазема во рамките на општествената диференцијација.

Сите истражувања укажуваат дека константен низок животен стандард (приходи, квалитетот на живеење) е карактеристичен за семејствата каде другите показатели на општествениот статус се движат кон надолна линија: пониско образование, невработеност или ниски стручни квалификации, ограничената консумпција на културните добра, и мошне скромен амбиент на живеење.

Кога се анализираат посебните социјални проблеми како што се алкохолизам, наркоманија, семејни проблеми, насилство, невработеност и сл. се забележува дека во голема мера носителите на тие проблеми живеаат во семејства со станбени и финансиски проблеми.

Одредени истражувања исто така укажуваат дека, според класната определба, социопатолошките појави се најчести во работничката и селската класа, иако денес, од социолошка гледна точка, поделбата на општествените класи и слоеви е подложна на други класификации.

Статистички гледано образованието на популацијата со низок животен стандард е најчесто на основно ниво или на ниво на занаетчиско образование. Овде, според постоечката научна литература, веднаш се гледаат одредени релации. Имено според полскиот социјален педагог Камински, образованието на родителите претставува најосетлив показател на состојбата во семејството во однос на неговата културна и воспитна атмосфера (Камински,1980, с.105).

Според истражувања, во однос на стручната квалификација, во семејствата опфатени со социопатолошки појави преовладуваат неквалификувани лица. Истражувањата исто така укажуваат и на зависноста помеѓу големината на домаќинството и животниот стандард забеле-

жувајќи дека повеќечлените домаќинства се посиромашни. Нивните услови на живеење, анализирани преку густина во станот, квалитет на покуќнина, санитарен чвор, основни културни добра (тв, радио, книги, весници), се воглавно на многу ниско ниво.

Според бројни истражувања во други земји во однос на семејства со проблем на алкохолизам се забележува дека 25% од нив живеат во рамки на социјалниот минимум, додека над 70 % функционираат пониско од таа граница (Czerniachovska, 1989,стр. 149)

Истражувања кои се однесувааат на проблематиката на злоупотребувани и занемарени деца укажуваат дека голем број деца кои се телесно малтретирани, психички понижувани, застрашувани, изолирани, погрешно соцјализирани и сл. потекнуваат токму од семејства кои живеаат во лоши материјални услови (Ајдуковиќ,1994).

Врз основа на горе-изнесеното може да се констатира дека:

- Во семејства со низок материјален стандард настапува кумулација на негативните ситуациони фактори, како што се: лоша исхрана, згустеност во стан, зголемување на различни болести, патолошки појави, депресивност, слаба опременост на стан, непостоење на културни добра, ограничена вербална комуникација (се сведува на основните фрази и зборови);
- Симптомите се типични за следниве ризични групи: стари лица, невработени, лица со нагласена патологија, повеќечлени семејства, самохрани родители, психосоматски болни, семејства со нарушени односи и сл. Воопштувајќи ги сите тие согледувања тоа се најчесто групи со намален животен стандард.
- Популација со сложени социо-економски услови има тешкотии при остварување на контакти со институции, бидејќи јавното мислење за нив е на пониско ниво, се карактеризираат со ниско ниво на образование што го намалува квалитетот на самата комуникација, се карактеризираат со посиромашна облека и скромен надворешен изглед.

Токму поради сето ова со кое се соочуваат маргинализираните групи, социјалната работа треба да дејствува во насока на се поголемо вклучување на исклучените и маргинализираните во самиот процес на донесување на одлуки и креирање на програми за пружање на различни социјални услуги. Само преку активно и искрено учество од страна на корисниците може да се осигура дека услугите кои тие ги бараат одговараат на нивните потреби и ќе бидат ефективно и ефикасно спроведени. Во овој контекст социјалните работници треба да бидат што е можно повеќе проактивни и да влијаат на информирање и лобирање кај креаторите на различни социјални програми за да обезбедат активно вклучување на самите корисници а со тоа да обезбедат адекватни не дискриминаторни, анти-стигматизирачки и интегративни услуги (Barry, 1998, стр. 9).

**Македонски согледувања**

Според сите, иако малобројни, истражувања и статистички показатели како најзагрижувачки и најголеми социјални проблеми во Македонија се сметаат невработеноста и осиромашувањето на населението. Првичните резултати на обемните истражувања спроведени од стрнана на Институтот за социологија при Филозофскиот Факултет во Скопје, укажуваат дека околу 40% од граѓаните на Македонија се чувствуваат сиромашни и многу сиромашни (Георгиевски, 1999).

Согласно согледувањата на Државниот завод за статистика на Република Македонија постои силна врска помеѓу положбата на поединецот на пазарот на трудот и сиромаштијата. Најранливи групи од населениете се: невработените, самовработените во земјоделството, вработените во претпријатија со несигурна иднина и задоцнета исплата на заработеното, домаќинствата во кои нема ниту еден вработен член и кои живеат во руралните делови од земјата (Новковска, 1999). Според главниот збирен индекс (head count) бројот на сиромашното население во Македонија е во постојан пораст и се зголемил од 19% во 1997 на

24.6% во 2001. Ситуацијата е најзагрижувачка во повеќечлени семејства, кај лица на возраст од 40 до 59 години, невработени, во семејства со ниту еден вработен, рурални средини и земјоделски семејства (Новковска, 1999).

Посебно загрижувачка е ситуацијата кај семејства каде настапува кумулација на невработеност со други социјални проблеми, кои многу често се нејзини последици.

Коефициентот на невработеноста во споредба со светските стандарди е висок (36%), а кај младите е далеку над просекот. Се забележува зголемување на времето на барање на вработување. Во однос на должината на невработеност, 55% од невработените бараат работа повеќе од 4 години (Анкета за работна сила, 1999).

Главниот носител на социјална помош-државните социјално заштитни институции не се доволно спремни да се справаат со негативните појави кои се во постојана пораст иако, според информации од Министерство за труд и социјална политика, бројот на домаќинства на социјална помош постојано се зголемува и во февруари 2001 изнесувал 78.098 домаќинства-корисници на социјална помош.

Според одредена регулатива социјалната помош е дистрибурана на ниво 57% од утврдена линија на сиромаштво (3000 денари) за едночлено семејство. Највисока помош, која месечно изнесува 4200 денари, прима 5 и повеќечленио семејство. Се оценува дека со помош се опфатено 15% од вкупниот број на домаќинства во земјата.

За вработени на кои им престанал работниот однос постојат одредени законски регулативи, но сепак тие надоместоци се многу ниски.

Во последниве години се забележува рапидно намалување на доделените средства на лица опфатени со Законот за социјална заштита. Само еднократната парична помош доделувана повремено на семејства се намали 3 пати во однос на полнолетни лица и 2,2 пати во однос на малолетни лица. Истите показатели се однесуваат и на другите форми предвидени со закон: помош за школување, помош во натура, помош во вработување и во наоѓање работа во заштитните работилници (Стат.

билтен 1997). Тоа произлегува од прифатените мерки на намалување на сиромаштија, според кои финансиската помош се упатува на сите материјално необезбедени семејства а не само на социјалните случаеви.

Увидот во ситуацијата на некои од ризичните групи, на пример самохрани родители -корисници на постојана парична помош, дозволува да се нагласи дека нивниот бројот значително се зголемил и посебно е забележлив на возраст од 16 до 36 години. Тоа се претежно жени без образование или неоформено основно образование, немажени, од ромска припадност и со нерешено станбено прашање (Жени и мажи во Македонија , 2000).

Според истражувања спроведени помеѓу жените и децата Роми, 98% од жените немаат редовна или привремена работа. Како што велат авторите на извештајот „недостигот на редовно или барем привремено вработување претставува основен хендикеп за статусот на жената и иднината на нејзините деца" (Алови, Петровска-Бешка, Најчевска, 1996).

Истражувања за потребите на Меѓународната федерација на црвениот крст и црвената полумесечината во Женева покажуваат дека во Македонија, најчесто во планински селски подрачја, има 1.48% нерегистрирани социјално загрозени лица кои не добиваат никаква помош (Студија, 1994).

Посебно загрижува ситуација во која се наоѓаат децата. Според истражувања во Кавадарци и Скопје во случајно избрани семејства сите од нив според одредени показатели се наоѓале на предупредувачки или критичен праг на загрижувачка состојба за биопсихосоцијалниот развој на нивните деца (Доневска, 1996). Истовремено најголем број на разведени бракови во Македонија е во период од 14 години од траење на бракот со што се формира група од еднородителски семејства со деца на возраст од 1 до 14 години.

Во последно време освен познатите социјални проблеми, како на пример болести на зависности, забележливи се и други проблеми кои може досега не беа толку видливи поради помалиот општествен интерес за нивно откривање. Тоа е пред се бездомништво (се оценува дека во

Скопје има од 70 до 200 бездомници, вбројувајќи и бездомни семејства), појава на запоставени и занемарени деца кои поголемиот дел од своето време го поминуваат на улица, малтретирани жени и друго.

**Пилот истражувања**

Со цел да се одговори на прашањето дали сиромаштвото е карактеристика за трајна маргинализација се обидовме да направиме неколку пилот истражувања во Скопје концентрирајки се на неколку избрани проблеми и избрани места. Главен метод беше **case study**, каде што е нагласен квалитативниот пристап. Сакавме да одговориме на прашањето: Кои фактори поврзани со сиромаштвото влијаат врз трајна маргинализација?

Во однос на тоа ги формулиравме следниве хипотези:

**Хипотеза 1.**

**Повеќечлените домаќинства се посиромашни**

Првото истражување, спроведено во општина Карпош, на иста територија (една мала локална заедница) и во релативно подеднакво социо-економско опкружување, во кое учествувале 10 семејства кои бројат над 5 члена (2 македонски, 4 албански и 4 ромски семејства) а се корисници на социјална парична помош, покажа дека сите тие семејства живеаат во мизерни услови.

*Живеалиште*

Од увидот на терен се забележаа следниве слики: недоправена куќа без санитарен чвор, стан под кирија во една темна влажна просторија, шупа со картони на подот, стара мала куќичка без санитарен чвор, барака со душеци за спиење, доградба од една соба во стара барака без санитарен чвор, и соба со бетонски под.

*Социјален статус*

Носителот на социјална помош се карактеризира со ниско образование, неписменост, невработеност, без работен стаж, низок пензиски стаж, самохрано родителство, конкубинат и сл.

*Здраствена состојба*

Здравствената состојба претставува шаренило од негативни карактеристики: инвалид на трудот, без здраствено осигурување, болести на зависности, инвалидност, пациент во болница за нервни и душевни заболувања

*Статус на децата*

Најчесто децата се на многу ниско воспитно и образовно ниво, без изводи на родените, не посетуваат училиште, малолетна мајка, потекнуваат од вонбрачни заедници и сл. (Петревска, 2001).

**Хипотеза 2.**

**Кај лица со неоформено основно образование постои поголем степен на ризик од сиромаштија**

Второто истражување направено во општина Гази Баба беше засновано врз интересни податоци за статусот на корисниците на социјална парична помош. Резултатите се прикажани во Табела бр. 1.

**Табела бр 1.** Корисници на социјална парична помош (СПП) од Општина Гази-Баба, (септември 2001) според работен статус

| | Скопје | Арачиново | Илинден | Петровец | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вработени | 128 | 17 | 49 | 16 | 210 | 5.63 |
| Пензионери | / | 1 | / | / | 1 | 0.03 |
| Невработени-пријавени | 1653 | 808 | 402 | 315 | 3178 | 85.13 |
| Други домаќинства* | 169 | 90 | 39 | 46 | 344 | 9.21 |
| Вкупно | 1950 | 916 | 490 | 377 | 3733 | 100 |
| % | 52.24 | 24.54 | 13.12 | 10.1 | 7466 | 100 |

- Категорија други домаќинства ги опфака невработените работоспособните лица со незавршено основно образование кои поради тоа неможат да се пријават во Биро за вработување

Од истражувањето се гледа дека над 85% од корисниците на социјална помош се невработени. Барајќи ја причината за невработеност дојдовме до заклучок дека невработеноста преовладува кај семејства со ниско образование. Анализата во 10 домаќинства, каде носителот на помош има неоформено образование, укажува дека таа ситуација преовладува во:

- Ромски и албански домаќинства;
- Повеќечлени семејства;
- Домаќинства чиј носител на социјална парична помош е од женски пол;
- Домаќинства каде сите членови се невработени;
- Домаќинства чија структура е мошне комплицирана: вонбрачна заедница, развод, конкубинат, без признато татковство;
- Домаќинства чии услови за живеење се на многу ниско ниво:без водовод и канализација, без електрична енергија (4 домаќинства), и лоши хигенски услови (Бојновска, 2001).

**Хипотеза бр 3.**
**Постои зависност меѓу материјалната загрозеност на децата и нивната неадаптабилност кон социјалната средина**

Истажувањето спроведено врз 31 малолетник, сите пријавени во Меѓуопштинскиот центарот за социјална работа на општините во град Скопје, на кои им е изречена мерка: надзор од старна на Орган за старателство покажа дека:

- Преовладува машка популација (28 момчиња и 3 девојчина со различна националност);
- Од 31 дете, 6 се од разведени бракови а 5 се вонбрачни деца;
- Од 31 дете, 12 се од 4 члено семејство, а останатите од 5 и повеќечлено семејство;
- Кај 16 семејства на испитуваните деца, двајцата родители се невработени а 14 семејства примаат социјална парична помош (Ангеловска, 2001).

**Хипотеза бр 4.**
**Матерјалната необезбеденост на семејство негативно влијае врз односите во семејство**

Истражувањето направено во 10 семејства во општина Чаир во кои, според укажување на Центарот за социјална работа, постојат нарушени семејни односи покажа дека:

- Преовладуваат повеќечлени семејства;
- Во сите семејства се јавуваат здраствени проблеми а повеќето од нив се здравствено неосигурани;
- Жените се јавуваат како носители на социјална помош;
- Сите членови во семејството се невработени;
- Условите за живеење се на многу ниско ниво (Кметовска, 2001).

**Хипотеза бр 5.**
**Социјалниот статус на самохрани мајки-корисннчки на социјална помош е на многу ниско ниво**

Истражувањето спроведно во општина Карпош со 30 самохрани мајки од кои 15 се напуштени од своите партнери, 8 се разведени, 3 се вдовици, и 4 со вонбрачни деца покажа дека:

- 21 од мајките се без квалификација или се полуквалификувани;
- 21 од мајките се невработени или инвалиди;
- 10 од нив имаат 3 и повеќе деца;
- Само 2 од нив имаат решено станарско право (Жежова, 2000).

## ЗАКЛУЧОК

Ако се вратиме на прашањето кое беше поставено на самиот почеток на овој труд, без сомнение, презентираната анализа и во делот на македонските согледувања како и во делот од пилот истражувањето ни дава за право да заклучиме дека, за жал, голема група од населението во Македонија се соочува со процесот на маргинализација, чувствувајќи се се понемоќни активно да партиципираат и целосно да се себереализираат во рамките на нашето општество. Согледувајќи го поразителниот одговор на поставеното прашање се наметнува заклучокот дека иднината на сите нас во оваа земја и квалитетот на нашиот живот зависи од итна акција кон намалување на маргинализацијата и зголемување на социјалната интеграција.

Најнапред трудот се обиде да даде скромен придонес во теоретското разграничување на повеќето термини кои се поврзани со маргинализацијата како појава. Даде анализа на поимите „поткласа“, социјална нееднаквост“ и „социјална исклученост“ која беше неопходна за да се увиди поврзаноста и односот на сиромаштијата со горенаведените концепти. Социјалната исклучност, како поширок концепт од сиромаштијата, дава слика за еден комплексен и динамичен процес кој има доста големо влијание во креирањето на современите социјални политики во светот. Ако социјалната инклузија може накратко да се дефинира како „обид за реинтеграција, или зголемување на партиципација на маргинализираните групи во рамките на прифатените општествени процеси“ (Barry, 1998, стр. 5), за да се планираат инклузивни одговори, секако дека треба јасно да се дефинира од што се луѓето се социјално исклучени.

Преку анализата на социјалните проблеми кои доминираат во Македонија како и преку прикажување на главните карактеристики на домаќинствата кои се носители на тие проблеми се обидовме да дадеме слика за сиромаштијата во земјата која секако влијае кон трајна маргинализација на дел од популацијата. Како најранливи групи може да се

издвојат невработените, самовработените во земјоделството, вработените во претпријатија со несигурна иднина и задоцнета исплата на заработеното, домаќинствата во кои нема ниту еден вработен член и кои живеат во руралните делови од земјата и повеќечлените домаќинства.

Докажаните хипотези од пилот истражувањата во Скопје го потврдуваат горе-искажаното и го дополнуваат трудот со специфични карактеристики кои ги имаат сиромашните луѓе во Македонија. Се заклучува дека големината на домаќинствата и степенот на образование е поврзано со социо-економскиот статус на домаќинството. Исто така се заклучува дека нискиот социо-економски статус влијае на зголемување на пореметени односи во семејствата и го попречува правилниот био-психо-социјален развој на децата и нивната социјална адаптабилност.

Ова е доволен патоказ, пред се за социјалната работа, и за другите релевантни полиња на општествено делување, за тоа во која насока да креираат инклузивни програми кои ќе обезбедат социјални услуги релевантни на потребите на луѓето а при тоа да ја намалат можноста за понатамошна маргинализација на веќе ранливите групи на население.

(Рецензент: *Проф. д-р* Илија Ацевски)

***Клучни зборови:*** *Сиромаштво (Poverty); Маргинализација (Marginalisation); Невработеност (Unemployment); Поткласа (Underclass); Социјална нееднаквост (Social Inequality); Социјална исклученост (Social Exclusion); Социјална инклузија (Social Inclusion); Социјална работа (Social Work).*

http://www1.oecd.org/cer/obj5/docs.htm

## ЛИТЕРАТУРА


1. Ангеловска, Ј. (2001) *Сиромаштво како фактор на социјална загрозеност на деца неадаптирани кон социјална средина*, Дипломски труд, Институт за социјална работа и социјална политика (ИСРСП), Филозофски факултет, Скопје.
2. Ајдуковиќ, М. и Печник, Н. (1994) Злоставлјенје и занемаривање дјеце у обители, *Ревија за социјалну политику*, Загреб, бр 3.
3. Алови, Л., Петровска-Бешка, Б., Најчевска, М. (1999) *Анализа на состојата на зените* и *децата Роми*, Скопје, Македонија: УНИЦЕФ.
4. Barry, M. (1998) "Social Exclusion and Social Work: An Introduction", in M. Barry (eds.) *Social Exclusion and Social Work: Issues of Theory, Policy and Practice*, Dorset: Russel House Publishing Limited.
5. Berghman, J. (1997) Social Exclusion in Europe: Policy Context and Analytical Framework in G. Room (eds.) *Beyond the Threshold: The Measurement and Analysis of Social Exclusion,* Bristol: The Policy Press.
6. Бојновска, С. (2001*) Неоформено основно образование како индикатор за сиромаштија*, Дипломски труд, ИСПСР, Скопје.
7. Burchardt, T., Le Grand, J. and Piachaud, D. (1999) "Social Exclusion in Britain 1991-1995", *Social Policy and Administration*, Volume 33, No 3:227-244.
8. Czerniachowska, R. (1989) Sytuacja spoleczna doroslych dzieci ojcow alkoholikow, (Vo :) *Rodzina z problemem alkoholowym Ossolineum*,Warszawa.
9. Доневска, М. и Атанасова, Т. (1996) *Мерење на загрозувањето на биопсихокултурен развој на децата од семејствата со низок материјален стандард,* Скопје: Просветно Дело, бр 4.
10. Gallie, D. (1992) `Are the Unemployed an underclass? Some evidence form the social Change and Economic Life Initiative", *Sociology*, Volume 28, No3.
11. Институтот за социологија (1999) *Промени во социјална структура во Република Македонија*, непубликуван проект, (уредник Георгиевски, П.), Филозофски Факултет, Скопје.
12. Kaminski, A. (1980) Funkcje pedagogiki spolecznej, PWN, Warszawa.
13. Кметовска, С. (2001) *Сиромаштија како фактор кој влијае врз пореметување на семејни односи,* Дипломски труд, ИСРСП, Скопје.
14. Лакичевиќ, Д. (1987) *Вовед во социјалната политика*, Белград: Савремена администрација.

15. Меѓународна Федерација на Црвениот Крст и Црвената Полумесечина (1994) *Студија и дефинирање на условите на живеење на нерегистрираните социјално-загрозени лица во Република Македонија.*
16. Новковска, Б. (1999) *Пазарот на трудот и сиромаштија во Република Македонија,* Научен собир: Човековиот развој во РМ, Скопје.
17. Новак, Т. (1999) Сиромаштво и „субкласи“ (Во:) *Социјална политика и социјална работа*,Скопје: Филозофски факултет.
18. Ненадич, М. (1999) *Социолошки итинерер*, Београд: Просвета.
19. Oppenheim, C. (1998) An Overview of Poverty and Social Exclusion in C. Oppenheim (eds.) *An Inclusive Society: Strategies for Tackling Poverty*, London: Institute for Public Policy and Research.
20. Петревска, А. (2001) *Големина на домаќинство и сиромаштво*, Дипломски труд во ИСРСП, Скопје.
21. Споредби на статистички билтен од област на социјална заштита (1999) и СГ/ РМ,1997
22. Завод за статистика на Република Македонија (2000) *Жените и Мажите во Македонија*, Скопје.
23. Завод за статистика на Република Македонија (Индекс на длабочина на сиромаштво) 2001 година.
24. Завод за статистика на Република Македонија (1998) *Анкета на работна сила за април.*
25. Жежова, Ј. (2000) *Животен стандард на самохраните мајки со постојана парична помош*, Дипломски труд при ИСРСП, Скопје.
26. Walker, R. (1997) The Dynamics of Poverty and Social Exclusion, in G. Room (eds.) *Beyond the Threshold: The Measurement and Analysis of Social Exclusion,* Bristol: The Policy Press

## SUMMARY

The purpose of this paper is to offer a theoretical distinction among different terms which are interrelated with marginalisation process as well as to provide a brief analysis of the poverty in Macedonia linking it with the marginalised groups. At the beginning of the paper we provide an overview of few definitions for underclass, social inequality and social exclusion. Furthermore we discuss the role of social work in addressing the needs of the marginalised groups. After that we are making literature review which addresses some of the poverty issues in Macedonia as well as the relevant phenomena regarding its causes, consequences and characteristics. Finally we present the data from a pilot research done on the territory of Skopje. The research is done by case study method and qualitative approach. We wanted to answer the question: Which factors related to poverty influence the permanent marginalization? For that purpose we defined five hypothesis such as:

Hypothesis 1. Large households are poorer.

Hypothesis 2. Persons with non-completed education face greater risk of poverty.

Hypothesis 3. There is a link between the economic disadvantage of children and their non-adaptability toward the social environment.

Hypothesis 4. The economic disadvantage of the family has a negative impact on the family relations.

Hypothesis 5. The social status of single mothers-social assistance beneficiaries is on a very low level.

Based on the results we can conclude that all hypothesis proof to be true.

The paper provides a basic directions for a desired actions in providing social services toward the marginalised groups which will not further marginalise the already disadvantaged.